**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Второто продолжение на Четириесет и седмата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 12 февруари 2009 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,23 часот.

Седница ја отвори и со неа претседаваше г-динот Трајко Вељаноски, претседател на Собранието.

**Трајко Вељаноски:** Дами и господа пратеници, ја отворам 47-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците: Мендух Тачи, Арбен Џафери, Бесим Догани, Фијат Цаноски, Наде Станчевска, Андреј Петров, Владо Бучковски, Игор Ивановски, Горан Минчев, Силвана Бонева, Виолета Ташева, Горан Ѓуроски, Али Ахмети Џевад Адеми, Ермира Мехмети, Саве Савески, Тито Петковски, Горан Мисовски Имер Селмани и Маринела Тушева ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Пред да продолжиме натаму, би сакал да го кажам следното.

Почитувани колеги, сакам да ве потсетам дека денес ќе го направиме првиот чекор во функционирaето на И-Парламентот. Имено, на вашите и-меил службени адреси ги добивте законите што влегуваат во законска процедура.

Верувам дека сите сте ги отвориле вашите електронски сандачиња и дека од денес се помалку во салава ќе гледаме хартија, се повеќе ќе ги користиме лаптоповите, односно придобивките на ИТ технологијата.

Исто така, сакам да ги потсетам и претставниците на медиумите да ги отворат своите електронски адреси, на кои ги имаат предлог законите. Ви благодарам.

Продолжуваме понатаму.

**Минуваме на точката 5 - Предлог на закон за евиденции во областа на здравството-второ читање.**

Извештаите и дописот на Комисијата за здравство, како матично работно тело, и на Законодавно правната комисија и Извештајот на Комисијата за Европски прашања како заинтересирано работо тело ви се доставени.

Комисијата за здравство како матично работно тело и Законодавно правната комисија не поднесоа дополнет Предлог на закон бидејќи на нивните седници не беа усвоени амандмани, што е услов за изготвување на дополнет предлог на закон.

Со оглед на тоа што не е поднесен дополнет предлог на закон на кој може да се поднесуваат амандмани за седницата на Собранието, преминуваме на одлучување по Предлогот на законот во целина.

Предлогот на законот во целина го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 47 пратеници.

Молам службите да утврдат точен број на пратеници присутни во салата.

Во салата има присутни 50 пратеници, не е полноважно гласањето.

Ги повикувам пратениците да влезат во салата за да преминеме на гласање.

(Присутните пратеници во салата чекаат да се создаде кворум за гласање).

Ги повикувам пратениците да влезат во салата за да преминеме на гласање.

Во салата има присутен 61 пратеник.

Ги замолувам пратениците да ги заземат своите места, ќе преминеме на гласање.

Предлогот на законот во целина го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 57 пратеници, сите 57 гласаа за, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за евиденции во областа на здравството.

**Минуваме на точката 6 - Дополнет Предлог на закон за Државен инспекторат за земјоделство, второ читање.**

Дополнетиот предлог на Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство и Законодавно правната комисија на Собранието на Република Македонија ви е доставен.

Врз основа на член 156, став 1 од Деловникот на Собранието на второто читање на седница на Собранието се води претрес само по членот 10 што е изменет со амандман на работните тела.

Отворам претрес по членот 10 на дополнетиот предлог.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по членот 10 да се пријават за збор.

Со оглед на тоа дека нема пријавени за збор, констатирам дека претресот по членот 10 е завршен.

Врз основа на член 156 став 2 од Деловникот на Собранието, за седницата на Собранието не се поднесени амандмани на дополнетиот предлог на закон. Поради тоа што Собранието не усвои ниеден амандман на дополнетиот предлог, врз оснва на член 162 од Деловникот на Собранието, преминуваме на гласање по Предлогот на законот во целина.

Предлогот на законот во целина го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 60 пратеници. Од нив за Предлогот на законот гласаа 56 пратеници, од гласањето не се воздржа никој, против гласаа 4 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за Државен инспекторат за земјоделство.

**Минуваме на точката 7 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за ѓубриња, второ читање.**

Извештаите на Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство како матично работно тело и на Законодавно правната комисија на Собранието на Република Македонија ви се доставени.

Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство како матично работно тело и на Законодавно правната комисија не поднесоа дополнет предлог на закон, бидејќи на нивните седници не беа усвоени амандмани што е услов за изготвување на дополнет предлог на закон.

Со оглед на тоа што не е поднесен дополнет предлог на закон на кој може да се поднесуваат амандмани за седницата на Собранието, преминуваме на одлучување по Предлогот на законот во целина.

Предлогот на законот во целина го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 56 пратеници. Од нив за Предлогот на законот гласаа 53 пратеници, не се воздржа никој, против гласаа 3 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за ѓубриња.

**Минуваме на точка 8 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за здравјето на растенија - второ читање.**

Извешатите на Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство како матични работно тело и на Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија, ви се доставени.

Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство како матични работно тело и Законодавно-правната комисија не поднесоа дополнет предлог на закон бидејќи на нивните седници не беа усвоени амандмани што е услов за изготвување на дополнет предлог на закон.

Со оглед на тоа што не е поднесен дополнет предлог на закон на кој може да се поднесуваат амандмани за седницата на Собранието преминуваме на одлучување по Предлогот на законот во целина.

Предлогот на законот во целина го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 60 пратеници, за Предлогот на законот гласаа 55, воздржан нема, против 5 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за здравјето на растенијата.

**Минуваме на точка 9 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за производи за заштита на растенијата - второ читање.**

Извешатите на Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство како матични работно тело и на Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија, ви се доставени.

Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство како матични работно тело и Законодавно-правната комисија не поднесоа дополнет предлог на закон бидејќи на нивните седници не беа усвоени амандмани што е услов за изготвување на дополнет предлог на закон.

Со оглед на тоа што не е поднесен дополнет предлог на закон на кој може да се поднесуваат амандмани за седницата на Собранието преминуваме на одлучување по Предлогот на законот во целина.

Предлогот на законот во целина го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 62 пратеници, за Предлогот на законот гласаа 58, воздржан нема, против 4 пратеници.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за производи и заштита на растенијата.

**Минуваме на точка 10 - Дополнет предлог на закон за индистрискта сопственост - второ читање.**

Дополнетиот предлог на Комисијата за економски праШања како матично работно тело и Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија ви е доставен.

Врз основа на член 136 став 1 од Деловникот на на второто читање на седница на Собранието се води претрес само по член 19, за менување на насловот пред член 20 и член 20, член 54, член 57, член 59, член 62, член 67, член 81, член 83, член 122, член 150, член 153, член 155, член 157, член 159, член 192, член 195, член 198, член 200, член 249, член 252 и на член 324, што се изменети со амандмани н аработните тела.

Отворам претрес по член 19, за менување на насловот пред член 20 и член 20, член 54, член 57, член 59, член 62, член 67, член 81, член 83, член 122, член 150, член 153, член 155, член 157, член 159, член 192, член 195, член 198, член 200, член 249, член 252 и на член 324 на дополнетиот предлог.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по член 19, за менување на насловот пред член 20 и член 20, член 54, член 57, член 59, член 62, член 67, член 81, член 83, член 122, член 150, член 153, член 155, член 157, член 159, член 192, член 195, член 198, член 200, член 249, член 252 и на член 324, да се пријават за збор.

Бидејќи нема пријавено за збор, констатирам дека претресот по член 19, за менување на насловот пред член 20 и член 20, член 54, член 57, член 59, член 62, член 67, член 81, член 83, член 122, член 150, член 153, член 155, член 157, член 159, член

192, член 195, член 198, член 200, член 249, член 252 и на член 324, е заврШен.

Врз основа на член 156 став 2 од Деловникот на Собранието, за седницата на Собранието не се поднесени амандмани на дополнетиот предлог на закон.

Поради тоа што Собранието не усвои ни еден амандман на дополнетиот предлог, врз основа на член 162 од Деловникот на Собранието, преминуваме на гласање по Предлогот на законот во целина.

Предлогот на законот во целина го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 65 пратеници, сите 65 пратеници гласаа за, воздржан нема, против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот индустриската сопственост.

**Минуваме на точка 11 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за трговија - второ читање.**

Извешатите на Комисијата за економски прашања како матични работно тело и на Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија, ви се доставени.

Комисијата за економски прашања како матични работно тело и Законодавно-правната комисија не поднесоа дополнет предлог на закон бидејќи на нивните седници не беа усвоени амандмани што е услов за изготвување на дополнет предлог на закон.

Со оглед на тоа што не е поднесен дополнет предлог на закон на кој може да се поднесуваат амандмани за седницата на Собранието преминуваме на одлучување по Предлогот на законот во целина.

Предлогот на законот во целина го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 65 пратеници, за Предлогот на законот гласаа 57, воздржан 8, против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за трговија.

**Минуваме на точка 12 - Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за персоналниот данок на доход - второ читање.**

Извешатите на Комисијата за финансирање и буџет како матично работно тело и на Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија, ви се доставени.

Комисијата за финансирање и буџет како матично работно тело и Законодавно-правната комисија не поднесоа дополнет предлог на закон бидејќи на нивните седници не беа усвоени амандмани што е услов за изготвување на дополнет предлог на закон.

Со оглед на тоа што не е поднесен дополнет предлог на закон на кој може да се поднесуваат амандмани за седницата на Собранието преминуваме на одлучување по Предлогот на законот во целина.

Предлогот на законот во целина го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 65 пратеници, за Предлогот на законот гласаа 57, воздржан 8, против нема.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за изменување и дополнување на Законот за персоналниот данок на доход.

**Минуваме на точка 13 - Предлог на закон за сеелкционерски права - прво читање.**

Предлогот на законот и Извешатите на Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство како матични работно тело и на Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија, ви се доставени односно поделени.

Ги повикувам предлагачот и пратеницитре кои сакаат да говорат по општата расправа по предлогот на законот да се пријават за збор.

За збор се јавија министерот за земјоделство, шумарство и водостопнаство господинот Ацо Спасеноски, господинот Никола Ќуркчиев и господинот Живко Пејковски.

Има збор министерот за земјоделство, шумарство и водостопнаство господинот Ацо Спасеноски, повелете.

**Ацо Спасеноски:** Благодарам претседателе.

Почитувани пратеници, со овој закон се уредуваат селекционерските права на физичките и правните лица, се заштитува правото на селекционерот за производтсво на нови сорти на растенија, односно нови видови кои треба да бидат регисттрирани на националната сортна листа и во регистарот на меѓународната организација за заштита на нови сорти УПОВ, каде е потребно согласност УПОВ да се применува минимум 15 растителни родови и видови.

Со доенсувањето на овој закон ќе може да се ратификува конвенцијата за зачленување на Република Македонија во Конвенцијата УПОВ, за Што веќе е усвоена позитивна одлука на Советот на УПОВ, одржана на нивната редовна седница на 30 октомври 2008 година каде на Република Македонија и се понуди пристап кон оваа УПОВ конвеција. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Никола Ќуркчиев, повелете.

**Никола Ќуркчиев:** Благодарам.

Ја користам оваа прилика да кажам дека СДСМ ќе го подржи донесувањето на овој закон, меѓутоа истовремено уште еднаш укажувам на некои неодследности кои ги содржи овој закон и се надевам дека до второто читање предлагачот, имајќи ги предвид нашите забелшки што ги кажавме на седница на Комисија, да бидат вградени во истите. Имено и тогаш укажавме дека за овој закон цениме дека се потребни финансиски средства за негово спроведување. Има голем број на метријални обрвски кои треба

да бидат извршени, меѓутоа предлагачот вели дека за неговото спроведување не епотребно ангажирање на финансиски средства.

На седница на Комисија праШавме дали е ова јавна давачка, дали е ова јавна служба, дали ќе биде овој сектор дел од службите кои веќе постојат во Министертството или целсното регулирани од оваа област ќе остане дека ги цитираме директивите на ЕУ. Имено ако целта на законот е доделување и заштита на акционерско право, основно што треба да биде содржано во законот е колку и на кој начин ќе се изврши тоа.

Мислам дека со овој закон требаше подетлано да се уреди постапката и начинот на доделување и заштита на престанкот на селекционерското право. Имено сите знаеме, барем оние кои имаа можност да го прочитаат законот, дека во членот 7 и понатаму не стои јасно зошто како и на кој начин се дефинира различноста во Република Македонија, дека постапката за доделување на селекционерско право за поднесување е во ред, меѓутоа решенијата за доделување на селекционерски права и додатоци требада бидат дадени воопшто не се регулирани.

Јас мислам дека токму тоа е правото на селекционерот. Тоа подетално требА да биде разработено. И во членот 17 каде се зборува за исклучоци во однос на селекционерското право смеатм дека многу поинаку треба да биде уредена оваа материја.

Почитуван министер и на оваа седница на Комисија зборуваме дека Ќе биде добро, до колку надоместоците кои треба да бидат исплатени, треба да бидат дефинирани не со ваш парвлиник односно на министерот за земјоделие туку дека треба тоа да стои во законот, едноставно некои од селекционерите своето право да не го бара по судски пат, одосно да бара судска заштита. Значи надозорот на спроведување мислам дека ќе биде вообичаено да биде кажано, да го врши Министерство за земјоделие, шумарство и водостопанствопреку Државниот инспекторат за земјоделство за кој закон ние гласавме против, укажавме на голем број недоследности и цениме дека многу брзо овој парламентарен состав можеби и за енкој месец, уште и еднаш ќе се наврати на погрешнот носење на овој закон.

Уште еднаш укажувам дека ќе го подржиме, меѓутоа очекуваме дека одредени постапки кои се дефинирани во законот ќе бидат променети до следното читање.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам и јас.

Има збор господинот Живко Пејковски, повелете.

**Живко Пејковски:** Благодарам почитуван претседателе, почитуван министер, почитувани колеги пратеници,

Јасно е определбата на Република Македонија, а посебно на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство за напорите што ги прави за приклучување кон Европската унија, а посебно со зајакнување на обврската што ја има Република Македонија од 2005 година кон Европската унија и уште е поголема одговорноста за прилагодување на нашето земјоделско - прехранбено производство кон заедничката земјоделска политика на Европската унија.

Затоа денес имаме закон со предзнакот на Европската унија.

До сега во Република Македонија немавме ваков закон со кој во основа би се регулирале прашањата кои се однесуваат на планирање на политиката, планирање на мерките, како и финансирање на Секторот и работата на институциите.

Отсуството на ваков закон негативно би се одразило врз регулирање на селекционирање на нови сорти и авторски права, како и оттуѓување на нови сорти на растителен материјал.

Основни начела на кои се заснова овој Предлог закон се следните:

Прво, заштита на јавниот интерес.

Второ, обезбедување на стабилно производство на квалитетна и поефтина храна.

Обезбедување на доволна количина на храна и зголемување на конкурентноста.

Со своите 11 делови, ако добро го прочитавте Предлог законот, со овој закон јасно се дефинираат значењето на одредени поими за полесно да се разберат одредбите кои треба да произлезат со овој Предлог на закон.

Се дефинираат условите за доделување на селекционерско право, како и постапката за доделување. Јасно се дефинираат и правата на селекционерот во именувањето на сортата начинот на пријавување до Управата за семе и саден материјал.

Во натамошните делови се дефинираат и надлежностите на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

Опфатен е и надзорот.

Забелешките кои произлегуваат претежно од техничка природа ќе ги дадеме на второто читање на Комисијата. Благодарам.

**Трајко Вељаноски:** Благодарам.

Бидејќи е исцрпена листата на пријавени за збор, констатирам дека општата расправа по Предлогот на законот е завршена.

Врз основа на извештаите на Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство како матично работно тело и Законодавно-правната комисија и расправата на седницата на Собранието, на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Предлогот на законот за селекционерски права е прифатлив и може да се даде на натамошно односно на второ читање.

2. Овој заклучок заедно со стенографските белешки од седницата на Собранието да се достави до Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство и Законодавно-правната комисија на Собранието на Република Македонија.

Предложениот заклучок го ставам на гласање и ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 67 пратеници, од нив за предложениот заклучок гласаа сите 67 пратеници, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Минуваме на точка 15-Предлог на автентично толкување на член 64 од Законот за денационализација.**

Предлогот на автентично толкување ви е доставен.

Отворам расправа.

Ги повикувам предлагачот и пратениците кои сакаат да говорат по Предлогот на автентичното толкување да се пријават за збор.

Благодарам.

Бидејќи нема пријавени за збор, констатирам дека претресот по Предлогот на автентичното толкување е завршен.

Предлогот на автентичното толкување го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласаа 60 пратеници, од нив за Предлогот на автентичното толкување гласаа сите 60 пратеници, нема воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието го усвои автентичното толкување на член 64 од Законот за денационализација.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, констатирам дека 47-та седница на Собранието на Република Македонија е завршена.

(Седницата заврши во 12,09 часот)